**Македонски Телеком АД - Скопје**

Согласно Законот за трговски друштва и Статутот на Македонски Телеком АД – Скопје (Друштвото), Собранието на Друштвото на својата седница одржана на ден 20.12.2013 година ја донесе следната:

# Предлог Одлука
## за избор на членови на Одборот на директори на Друштвото

**Член 1**

Собранието на Друштвото го избира:

- Жарко Луковски, државјанин на Република Македонија, за член на Одборот на директори на Друштвото, со мандат почнувајќи од 1 јануари 2014 година.

Собранието на Друштвото ги ре-избира:

- Оливер Костуранов, државјанин на Република Македонија, за неизвршен член на Одборот на директори на Друштвото, со мандат сметано од 1 мај 2014 година,
- Назим Буши, државјанин на Република Македонија, за неизвршен член на Одборот на директори на Друштвото, со мандат сметано од 1 мај 2014 година, и
- Александар Стојков, државјанин на Република Македонија, за независен неизвршен член на Одборот на директори на Друштвото, со мандат сметано од 18 мај 2015 година.

Податоците за кандидатите во писмена форма се достапни на акционерите најдоцна 7 дена пред одржување на седницата на Собранието, согласно одредбите од Законот за трговски друштва.

**Член 2**

Мандатот на избраниот и ре-избраните членови на Одборот на директори на Друштвото изнесува 4 години, согласно Статутот на Друштвото.

**Член 3**

Се овластува Главниот извршен директор на Друштвото да ги превземе сите потребни дејствија за спроведување на оваа Одлука за упис во Централниот регистар на Република Македонија.

**Член 4**

Оваа Одлука стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

**Собрание**
**Претседавач**